# ПРВ КВАРТАЛЕН МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАЈ

за политиките и услугите за мигрантите на територија на Општина Бутел и Општина Шуто Оризари

(октомври 2017 - февруари 2018 година)

Изготвиле:

Владимир Ристевски
Марјан Ѓуровски

февруари, 2018

Листа на кратенки

РМ - Република Македонија
ЗАПЗ - Закон за азил и привремена заштита
НАП - Националниот акциски план
МВР – Министерство за внатрешни работи
МТСП – Министерство за труд и социјална работа
ЦКРМ – Црвен Крст на Република Македонија
СОП - Стандардни оперативни процедури
НМДС - Непридружувн малолетник-дете странец
РКЛС - Ранлива категорија лица странци
ЈУМЦСР - Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа
МЦСР - Меѓуопштински центар за социјална работа
ЦСР - Центар за социјални работи
ГО - Граѓански организации
МО - Меѓународни организации
ЗС - Закон за странци
ПТЦ – Привремен транзитен центар
ТЦ – Транзитен центар
ЦБА – Центар за баратели на азил
НМУ- Национален механизам за упатување
ЦЖТ – Центар за лица жртви со трговија на луѓе

## АПСТРАКТ

Фондацијата Конрад Аденауер во соработка со Здружението на правници на Република Македонија и Здружението АТИНА од Србија го спроведуваат проектот “Создаваме заедно: мониторинг и застапување за заедницата” кој е финансиски поддржан од Европската унија. Главна цел на проектот е да ја подобри позицијата на бегалците и мигрантите, посебно на жените и децата во локалните заедници во Македонија и Србија. За време на проектот ќе бидат развиени партиципативни механизми за постојан мониторинг и застапување за имплементација на ефективни интеграциски политики и услуги за мигранти, особено за жени и деца.

Мигрантската криза и бегалскиот бран во Европа во 2015 година претставување најголема хуманитарна катастрофа од Втората светска војна. Уште од почетокот на кризата над 1 милион мигранти и бегалци прејдоа во Европа во потрага по подобри можности. Главните земји на потекло на мигрантите беа: Сирија, Афганистан и Ирак. Со својата централна позиција Македонија и Србија играат клучна улога во рамки на Балканската рута во движењето на мигрантите кон западно европските земји.

Кризата претставуваше сериозен предизвик за двете земји кои беа приморани да го фасилитираат патувањето на мигрантите и да обезбедат привремено сместување. Во тие рамки, двете земји воспоставија привремени центри за регистрација во август 2015 година како влезни точки каде мигрантите и барателите на азил беа регистирани со можност да останат во земјата на 72 часа.

Сепак ситуацијата се промени драматично во октомври/ноември 2015 кога земјите кои беа главна дестинација на мигрантите (Австрија, Германија и Шведска) ги променија своите политики за примање на мигранти и започнаа да преговараат со Турција за запирање на бранот на мигранти преку Грција и Балканската рута. Конечно, по неколку месечни преговори, Европската унија и Турција направија договор за запирање на протокот на мигранти од Турција и на почетокот на март 2016 година Балканската рута беше ефективно затворена. Во тој случај голем број на мигранти беа “заробени” на територија на Република Македонија.

Трите партнерски организации на проектот во тоа време ги забележаа предизвици за локалното население и мигрантите и значењето на меѓусебна толеранција и интеграција. Интеграцијата во оваа смисла значи обединување и здружување преку меѓусебно запознавање, разбирање и солидарност на локалното население со луѓето чија животна несреќа ги има приморано да се затекнат во странска земја.

Во такви околности, во февруари 2017 година започна спроведувањето на проектот “Создаваме заедно: Мониторинг и застапување за заедницата” кој се спроведува во 10 општини во Македонија и Србија и тоа: Скопје, Куманово, Гевгелија, Прешево, Врање, Ниш, Белград, Шид, Сремска Митровица и Суботица.

Главните активности во проектот ќе се спроведуваат преку работата на Локалните мрежи во овие 10 општини. Локалните мрежи се составени од претставници од релевантни организации, институции и тела како: центри за социјална работа, министерство за труд и социјална политика, локални општини, здравствени и образовни установи и невладини организации. Локалните мрежи во текот на проектот ќе имаат редовни состаноци каде ќе разменуваат искуство од секојдневната работи и притоа ќе помогнат во процесот на мониторинг и застапување на политиките на локално ниво.

# 1. ВОВЕД

Република Македонија од нејзиното осамостојување се има соочено со три поголеми бегалски кризи. Како резултат на конфликтот во Косово во 1999 година повеќе од 360.000 лица побараа заштита во РМ. Ова беше прв пат државата да се соочи со масовен прилив на бегалци на својата територија. Најголемиот дел од овие лица беа сместени во колективни центри додека многу мал дел беа сместени во приватно сместување. Откако беа создадени услови за враќање во своите домови скоро сите лица се вратија на Косово. Во моментот во РМ има 245 лица кои имаат признаено право на меѓународна заштита.

Во 2001 година за време на внатрешниот конфликт во РМ 74.000 лица беа внатрешно раселени како резултат на борбите. Во овој случај поголемиот дел од ВРЛ беа сместени во приватно сместување додека само 3.328 лица беа сместени во колективни центри. На крајот на 2017 година вкупно 153 лица или 41 семејство сеуште имаат статус на ВРЛ.

Република Македонија како резултат на својата централна поставеност на Балканот беше дел од Балканската мигрантска рута која што се движеше по железничката пруга од Гевгелија на влезот во земјата од Република Грција до излезот кон Република Србија на железничкиот премин во с. Табановце. Откако започна раздвижувањето на балканската рута на почетокот поради немање на легален начин на транзит низ државата мигрантите и бегалците беа приморани да се движат по небезбедни рути по должина на автопатот и железничката пруга. Одреден дел се одлучуваа транзитот низ државата да го организираат преку криумчари.

Како резултат на зголеменото движење и несреќни случаи кои што се случија на железничката пруга, во јуни 2015 година Владата одлучи да пристапи кон измена на Законот за азил и привремена заштита (ЗАПЗ). Преку изразување на намера за поднесување на барање за азил во рок од 72 од моментот на влез во РМ на мигрантите и бегалците им се овозможуваше легален транзит. Сепак воведувањето на оваа мерка доведе до создавање на тесно грло на влез во државата поради потребата од регистрација на лицата кои влегуваат во државата и нивно изразување на намера како би можеле легално да го продолжат своето патување.

Република Македонија во текот на 2008 година усвои стратегија за интеграција на бегалци и странци за периодот 2009-2015 година. Оваа стратегија се фокусираше на следните сектори во процесот на интеграција: домување, здравствено осигурување, образование, вработување, социјална заштита и развој на заедницата. Општо земено, анализите на активностите спроведени во изминатите седум години покажаа дека поголемиот дел од помошта ги задоволила основните потреби, а дека се оствариле помали резултати по однос на вработувањето, образованието и долгорочните решенија за домување.

### *1.1. Цели на мониторингот*

| Цели | Резултати |
|---|---|
| **1. Анализирана локална институционална рамка која обезбедува заштита на правата и интеграција на мигрантите (фокус на жени и деца);** | 1.1. Мапирани и анализирани локални политики |
| | 1.2. Анализирана усогласеност со националната институционална рамка за заштита на мигрантите (фокус на жени и деца) |
| | 1.3. Препознати механизми за интер-секторска соработка и анализиран квалитет на интер-секторската соработка. |

### *1.2. Методологија на мониторингот*

Оваа методологија се заснова на неколку значајни принципи, кои се меѓусебно поврзани, така што едни со други се во интеракција и се зајакнуваат:

- Партиципативност- методологијата е припремена како би помогнала во градење на капацитетите на заедниците за заедничко учество во развојот и спроведувањето на локални политики, развивајќи модел кој овозможува активно учество на сите актери кои спроведуваат услуги насочени кон заштита на мигрантите/ките и нудат поддршка за ингерација; активностите за мониторинг ги спроведуваат локалните мрежи кои ги обединуваат најзначајните институции, организации од граѓанскиот сектор и други актери (меѓународни организации и тн.) кои се активни на ова поле.
- Развој на култура за соработка- Активностите за мониторинг им овозможуваат на обединетите актери на иста задача да се запознаат и преку заедничка работа да ги развиваат капацитетите за меѓусебна соработка во развој на услуги/програми, не само на тема мигранти/ки, туку и на сите теми/потреби на граѓаните/ките во одредена заедница; На овој начин се развива база за ефикасна соработка помеѓу институциите, но и помеѓу институциите и граѓанскиот сектор.
- Одговорност- Самата промоција на активно учество во следење, мерење на ефектот и смислување на начини за унапредување на услугите и програмите, предизвикуваа поделба на одговорноста во заедницата. За разлика од независниот мониторинг (така наречен watch dog активност), кои го спроведуваа организациите од граѓанскиот сектор, оваа методологија обезбедува заедничко учество во собирањето на податоците, разбирање на резултатите од различни перспективи (понудувачи на услуги, наспроти корисници) и креирање решенија/нови модели, со кои се зголемуваат капацитетите на заедницата да можат одговорно да управуваат со ресурсите, односно одговорно да управуваат со развојот на заедниците.
- Заштита на човековите права и инклузија- Темите/услугите и целните групи кои се наоѓаат во основата на активностите за мониторинг, ги зајакнуваат капацитетите на заедниците за да ги унапредат знаењата и вештините за развој на политики кои се инкузивни и обезбедуваат заштита на правата, не само на мигрантите/ките, туки и на граѓаните/ките, особено на загрозените групи во заедницата.
- Квалитет на услигите- Методологијата преку развој на индикатори и истражувачка рамка, ги става во фокус достапноста и квалитетот на услигите; На овој начин се допринесува за

јакнење на капацитетите на актерите за да го унапредат квалитетот на услугите кои се нудат на различните корисници, во конкретниов случај, на мигрантите/ките;

Методолошката рамка опфати преглед на документи како што се литература, правни текстови, релевантни национални стратегии со кои се уредува процесот на спроведувањето на политики кои се во насока на заштита на правата и развој на поддршката за интеграција на мигрантите/ките, особено на жени и деца.

### 1.3. *Ограничувања*

Овој мониторинг извештај се фокусира исклучиво на деск анализа на постоечката законска рамка и поради тоа не вклучува квалитативни и квантитативни наоди. Во продолжение овој извештај ќе послужи како основа за прибирање на податоци за вториот извептај кој ги вкчучи мапирање на услугите за мигрантите, нивно задоволство како и мапирање на понудувачите на услугите и тоа преку фокус групи, длабински интервјуа и анкетни прашалници

Дополнително не постојат податоци на официјалната интернет страна на општина Бутел и Шуто Оризари ниту постојат достапни документи кои се од јавен карактер, а кои се однесуваат на локални политики кои се спроведуваат на територијата на општините за прифаќање и заштита на правата на мигрантите/ките, особено за заштита на правата на жените и децата мигранти.

## 2. *ПРЕГЛЕД НА ПОСТОЕЧКИТЕ ЛОКАЛНИ И НАЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПРИМЕНАТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА МИГРАНТИТЕ/МИГРАНТИКИТЕ*

Република Македонија се има приклучено кон сите клучни меѓународни инстументи за заштита на бегалците и странците, коишто притоа ги има усогласено со домашното законодавство. Во продолжение е табела со сите меѓународни инструменти кои Македонија ги има поддржано и националната рамка на закони и прописи со кои се уредува интегративниот процес.

| **Меѓународно /национално ниво** | **Документи** |
|---|---|
| Обединети нации | Меѓународниот пакт за граѓански и политички права<br>Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година, и нејзиниот Протокол од 1967 година<br>Конвенцијата на Обединетите нации против мачење и други облици сурово, нехумано и понижувачко постапување или казнување (CAT),<br>Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето и нејзините два факултативни протоколи |
| Совет на Европа | Женевските конвенции од 1949 година<br>Конвенција на Совет на Европа за спречуваче и порба против насилство против жена и насилство во семејство .<br>Протоколите I и II на Европската конвенција за човековите права и основни слободи и нејзините Протоколи 1, 4, 6, 7, 11 – 14<br>Европската конвенција против мачење и нехумано или понижувачко постапување и казнување |
| Закони и прописи на | Устав на Република Македонија<br>Закон за азил и привремена заштита<br>Закон за странци |

| | |
|---|---|
| Република Македонија | Закон за државјанство<br>Закон за азил и привремена заштита<br>Закон за вработување и работа на странци<br>Закон за социјална заштита<br>Закон за семејство<br>Закон за заштита на правата на децата<br>Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност<br>Закон за основно образование.<br>Закон за средно образование<br>Закон за високо образование<br>Закон за здруженија на граѓани и фондации<br>Закон за јавни собири<br>Закон за општата управна постапка<br>Закон за управни спорови<br>Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2008-2015,<br>Предлог стратегија за интеграција на бегалци и странци 2017-2027<br>Резолуции за мигранстска политика<br>Националниот акциски план |

Законот за азил и привремена заштита ги предвидува следните категории.

**Барател на право на азил**

Барател на право на азил е странец кој бара заштита од Република Македонија и поднел барање за признавање на право на азил, за кое не е донесена конечна одлука, во постапката за признавање право на азил. (член 3, ЗАПЗ)

**Признаен бегалец**

Признаен бегалец е странец за кој по испитување на неговото барање е утврдено дека ги исполнува условите определени со Конвенцијата од член 2 алинеја 1 на овој закон, односно лице кое поради оправдан страв дека ќе биде прогонето заради својата раса, вера, националност, припадност на одредена социјална група или поради своето политичко уверување, е надвор од државата чиј државјанин е и не може, или поради таков страв, не сака да биде под заштита на таа држава или кое доколку е без државјанство е надвор од државата во која имало вообичаено место на престој, не може или поради таков страв не сака да се врати во неа. (член 4, ЗАПЗ)

**Лице под супсидијарна заштита**

Лице под супсидијарна заштита е странец, кој не се квалификува како признаен бегалец, а на кој Република Македонија ќе признае право на азил и ќе дозволи да остане во рамките на нејзината територија, бидејќи постојат цврсти причини да се верува, дека доколку се врати во државата чиј државјанин е, или доколку е лице без државјанство, во својата држава на претходен вообичаен престој, ќе се соочи со вистински ризик од претрпување на сериозни повреди. Член 4-а, ЗАПЗ)

Правните стандарди и меѓународната политика во областа на прашањето на миграција, бегалци, азил се регулирани со бројни декларации, конвенции, протоколи, одлуки, заеднички акции, политички агенди , директиви и програми за спроведување, кои во себе ги имаат основните за развој на граѓанското општество гарантирајќи ги основните човекови права и слободи. Република Македонија има усвоено сеопфатен комплекс од правни прописи што се однесуваат на оваа област и има пристапено кон : Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и нејзиниот протокол од 1967 год. (по пат на сукцесија – јануари 1994 год. ); Конвенција на Обединетите нации против мачење и други облици на сурово , нехумано или понижувачко постапување или казнување; Меѓународен пакт за граѓански и политички права; Меѓународен пакт за економски , социјални и културни права; Конвенција на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените; Европската конвенција за човековите права и основните слободи и нејзините Протоколи; Европската Конвенција против мачење и нехумано или понижувачко постапување или казнување; Конвенцијата за правата на детето и факултативните Протоколи; Европска социјална повелба; Конвенција на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и нејзините два протокола – Протоколи од Палермо.

Во насока на усогласување на локалните политики со домашното законодавство и меѓународните правни стандарди, Република Македонија во своето законодавство транспонираше голем дел од овие стандарди: Закон за азил и привремена заштита, Закон за странци, Закон за државјанство, Закон за социјална заштита, Закон за заштита на децата, Закон за семејство, Закон за правда за децата , Закон за здравствено осигурување, Закон за основно образование, Закон за средно образование, Закон за високо образование.

Законот ја дава правната рамка во полето на азилот и заштитата на бегалците во кои се вградени обврските на државата кои произлегуваат од Конвенцијата за статусот на бегалците и Протоколот.

Правото на азил е меѓународна заштита, што Република Македонија ја дава на следниве категории лица: признаен бегалец (бегалец по Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Протоколот за статусот на бегалците од 1967 година) и лице под супсидијарна заштита, под услови и постапка предвидени со законот.

Локални политики за заштита на правата на мигрантите/ките, особено за заштита на правата на жените и децата за територијата на општина Бутел и Шуто Оризари не постојат. Единствени документи кои можат да се применат на локално ниво како политики за заштита на правата на мигрантите/ките, особено за заштита на правата на жените и децата се Стандардните оперативни процедури за постапување со:

- ранливи категории на лица странци
- со непридружувани-деца-странци
- со жртви на трговија со луѓе.

Во сите стандардни оператини процедури (СОП) се уредуваат збир постапки, процедури и начини на постапување на надлежните институции во согласност со соодветните национални законски прописи вклучувајки и меѓународна законска регулатива со кои се опфатени и мигрантите/ките вклучувајќи: лица што не се државјанин на Република Македонија, лица без државјанство и странци со недозволен влез во РМ.

Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе е документ кој е донесен од Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илигеална миграција при Влада на РМ, (ревидирана верзија октомври 2010 година) а усвоен на 202-та седница на Владата на РМ 28 декември 2010 година.

Стандардните оперативни процедури за постапување со НМДС (Непридружуван малолетнк - дете странец) е документ кој е донесен од Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илигеална миграција при Влада на РМ, ноември 2015 година.

Стандардните оперативни процедури за постапување со РКЛС (Ранлива категорија лица странци) е документ кој е донесен од Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илигеална миграција при Влада на РМ, јули 2016 година.

Стандардните оперативни процедури за постапување со НМДС (Непридружуван малолетнк - дете странец) и РКЛС (Ранлива категорија лица странци) уредуваат збир постапки, процедури и начини на постапување на надлежните институции со идентификуван НМДС и РКЛС преку сеопфатен приод заснован врз почитување на човековите права и насочен кон најдобриот интерес на НМДС и РКЛС.

Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе уредуваат постапки, процедури и начини на обезбедување помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе преку еден сеопфатен приод заснован врз човековите права и насочен кон жртвата во форма на институционализирани рамки за соработка.

**СОП – РКЛС**

Овие СОП се наменети за РКЛС што оствариле влез (легален или нелегален) и се наоѓаат на територијата на РМ, според ЗС и ЗАПЗ и се однесуваат на следните категории РКЛС: жртви на трговија со луѓе (ЖТЛ), деца (НМСД), родител со деца, жени и девојки, бремени жени, лица со попреченост (физичка, интелектуална и ментална), стари лица и ЛГБТИ лица.

**СОП – НМДС**

Овие СОП се наменети за непридружувани малолетници деца - странци што се наоѓа на територијата на РМ и кои во моментот на идентификацијата се на возраст до 18 години, не се придружувани од нивните родители или од старател определен од институција надлежна според законот или кое по нивното пристигнување во РМ останале без таква придружба.

**СОП – жртви на трговија со луѓе**

Овие СОП се наменети за жртви на трговија со луѓе. Согласно СОП како жртва на трговија со луѓе се подразбира жртва на кривично дело – Трговија со луѓе според член 418-а о 418-г од КЗ. Во согласност со член 122 став 22 од КЗ, под жртва на кривично дело се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на сторено кривично дело. Под дете како жртва на кривично дело се подразбира малолетно лице до осумнаесет години.

Како систем за заштита на мигрантите/ките на локално ниво е применлив системот за азил на Република Македонија кој е регулиран согласно Законот за азил и привремена заштита на РМ.

Доколку мигрант/странец остварил влез во РМ без разлика дали легален или илегален и побарал азил односно заштита во РМ, истиот ќе биде вклучен во системот за азил согласно ЗАПЗ на РМ, кое што е уредено со Членот 16 и членот 16-а од ЗАПЗ на РМ.

Покрај стандардни оперативни процедури и системот за азил друг документ со кој се опфатени мигрантите откако ќе им биде регулиран престојот во РМ согласно ЗАПЗ или Законот за странци е *Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2008-2015*[1] (од 28 декември 2008 година) и нејзиниот *Националниот акциски план - НАП* (од 3 ноември 2009 година) кој сеуште е применлив. Во овие документи се утврдени можностите за интеграција и мерките за спроведување само за лица со признаено право на азил и странци со дозвола за престој во РМ, односно не се опфатени барателите на азил во РМ.

Овој документ преставува политички инструмент врз основа на кој се оформуваат и спроведуваат политиките за интеграција, во согласност со соодветните законски прописи. Со оглед на ова, Стратегијата не ги истакнува правата на бегалците туку се фокусира на давање препораки за мерки кои треба да се преземат. Владата на Република Македонија во моментов е во процедура на донесување на Стратегија за интеграција на бегалци и странци 2017-2027 и Национален акциски план за интеграција на бегалци 2017- 2027 година[2] во кои се предлагаат мерки и за рана интеграција, опфаќајки ги барателите на азил. Оваа стратегија и нејзиниот акционен план се сеуште се во работна процедура пред МТСП на РМ кои откако ќе бидат финализирани истите ќе бидат доставени до меѓу-ресорското тело на Владата на РМ со цел нивно усвојување од страна на надлежните органи на РМ.

### 2.1. Политики кои се применливи на локално ниво, а се однесуваат за првично прифаќање и заштита на мигрантите/ките и институциите кои директно спроведуваат политики на локално ниво (особен фокус на оние кои се насочени кон заштита на правата на жените и децата);

Локални политики кои се однесуваат за првично прифаќање и заштита на мигрантите/ките и не постојат. Документи кои можат да се применат на локално ниво како политики за прифаќање и заштита на мигрантите/ките се Стандардните оперативни процедури за постапување со:
- ранливи категории на лица странци
- со непридружувани-деца-странци
- со жртви на трговија со луѓе.

Исто така во однос на првично прифаќање и заштита на мигрантите/ките е применлив и системот за азил регулиран со ЗАПЗ.

Институции кои се наоѓаат на територија на општина Бутел и Шуто Оризари, а кои можат дирекно да спроведуваат политики на локално ниво се: ПС – Бутел, ЦСР – Бутел, ЦСР – Шуто Оризари и ПЦ Визбегово. Меѓутоа овие институции не се под надлежност на општините Бутел и Шуто оризари.

---

[1] http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_begalci.pdf

[2] Во моментот на спроведување на оваа проценка, во тек е парламентарна дебата за предложената Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2017-2027. Повеќе информации достапни на:http://www.mtsp.gov.mk/predlog-zakoni-2017.nspx (accessed on 05 August 2017)

Детални податоци за тоа дали постојат локални политики кои се однесуваат за првично прифаќање и заштита на мигрантите/ките како и кои институции ги спроведуваат во општина Бутел и Шуто Оризари ќе бидат добиени дополнително од:

- Барање за пристап до информации од јавен карактер до општина Бутел и Шуто Оризари
- Длабинско интервју со преставник на општина Бутел и Оризари

**Согласно СОП – РКЛС**

Прифаќање – првичен контакт со РКЛС најчесто остварува овластено службено лице на државна институција, граѓанска, меѓународна организација или граѓанин на територијата на РМ со лице кое според околностите во кои е пронајдено и неговиот надворешен изглед постои основано сомнение декасе работи за РКЛС.

Првичната помош согласно стандардните оперативни процедури опфаќа информирање и правна помош, примарни здраствени прегледи, неопходна хуманитарна помош и психосоцијална поддршка.

**Под информирање и правна помош** се подразбира дека РКЛС треба да бидат иформирани на јазик што го разбираат за:

- • видот на услугите што ќе им бидат овозможени;
- • правилникот за работа на објектот во кој се сместени;
- • правото и постапката за регулирање на престојот во согласност со ЗАПЗ и ЗС;
- • други права што ги имаат во согласност со законите на РМ.

**Под здравствени услуги спаѓаат:**

- • ублажување и санирање на повредите здобиени за време на мигрирањето;
- • давање медицинска терапија за хронични болести (висок притисок, гликемија,асматични болни, лица под дијализа);
- • давање медицинска терапија за акутни болести (грип, висока температура);
- • гинеколошки прегледи на жени, девојки и бремени жени;
- • лични сетови за прва помош.

**Под хуманитарна помош спаѓаат:**

- • храна, вода, сокови, млеко и млечни производи;
- • облека и обувки, ќебиња;
- • хигиенски пакети за мажи и жени;
- • бебешки пакети, пелени;
- • инвалидски колички и помагала.

**Психосоцијална поддршка спаѓа:**

- • работа со поединци и групи РКЛС, со цел надминување на анксиозноста и наакумулираниот стрес;
- • преку разговор, отворено зборување за сите видови насилство илиексплоатација низ кои поминале;
- • дискриминација на која биле подложени.

Даватели на овие услуги се: Министерствотот за труд и социјална политика, Центрите за социјални работи - МТСП, Министерството за внатрешни работи, Високиот комесеријат за бегалци на Обединетите Нации – УНХЦР, Црвен крст на РМ, Граѓански организации и Меѓународни организации.

**Ваквата помош се дава веднаш** по прифаќањето/првичниот контакт веднаш по самата идентификација на РКЛС по прием во привремените транзитни центри, транзитниот центар и Центарот за баратели на азил.

**Согласно СОП - НМДС**
Документ кој може да се примени на локално ниво како политика за прифаќање и заштита на мигрантите/ките со особен фокус на оние кои се насочени исклучиво кон заштита на правата на малолетните деца странци кои се непридружувани е СОП за НМДС. Во кој се предвидени следниве мерки за индетификација и упатување, и тоа: Првичен контакт со НМДС и негово упатување, Прелиминарно собирање информации, Идентификација на НМДС, Определување старател, Обезбедување преведувач – преведување, Ополномоштување правен полномошник и Спроведување интервју со НМДС.

**Предавање на пронајденото лице**, кое според околностите во кои е пронајдено и неговиот изглед укажува дека се работи за странец-**НМДС** од страна на ГО, МО или граѓанин до најблиската организациска единица на МВР (ПЦ – Бутел) или на месно и стварно надлежниот МЦСР или ЦСР (ЦСР – Бутел или ЦСР – Шуто Оризари) при МТСП за понатамошно постапување;
Постапка на надлежна институција за идентификација на НМДС, која ја спровела првичната идентификација до степен на основано сомневање дека се работи за НМДС и него го упатува до месно и стварно надлежниот ЦСР/ МЦСР (ЦСР – Бутел или ЦСР – Шуто Оризари) при МТСП за да му се одреди законски старател на НМДС.

**Согласно СОП – жртви на трговија со луѓе**

Доколку некое лице кое е бегалец/мигрант се претпостави дека е жртва на трговија со луѓе првичното упатување е известување до надлежните државни органи, кои ова лице го упатуваат до Прифатниот центар за странци со донесување на решение за привремено задржување на странец согласно Законот за странци од МВР или во ЦЖТ со донесување на решение за привремено сместување на лица на жртви со трговија со луѓе од ЦСР согласно Закон за социјална заштита.

Доколку претпоставената жртва е малолетно лице, НМУ/ЦСР известува родител или се назначува старател.

Пред да се започне со процесот на идентификација, треба да се утврди дали има потреба од преведувач, и доколку е потребно, да се обезбеди.

За време на фазата на давање информации по идентификација на лицето (без оглед дали е или не е идентификувано како жртва на трговија со луѓе) му се даваат детални информации за правата што ги има на располагање, вклучувајќи ги соодветните услови и обврски, и му се дава можност да ги изрази своите грижи и да поставува прашања.

Веднаш по утврдувањето на статусот жртва, на лицето треба да му се даде јасен преглед на информации за службите и постапките.

А) Доколку жрвтат одлучи да не сведочи, и се даваат:

- информации за оценување на ризикот пред враќањето
- информации за опциите за враќање
- информации за помошта која е на располагање и условите за помош

Б) Доколку жртвата одлучи да сведочи, добива информации за:

- привремен престој
- процесот на собирање докази
- судскиот процес и правото за побарување на нематирајна штера
- опциите за сведочење и заштита

- помошта која е на располагање и условите за помошта

**Период на одлучување и дозвола за привремен престој**

Услуги кои се даваат во периодот за одлучување:

- соодветно и безбедно сместување
- медицинска, психолошко-социјална помош
- совети и информации за нивните законски права на јазик што можат да го разберат
- правна помош на жртвата за време на кривичната или друга постапка во која жртвата ги остварува своите права
- информации за соодветните судски или административни постапки, како и правото на странските државјани да побараат азил
- информации за можностите и постапката за нивно враќање во државата чии државјани се или во која имале законски престој пред нивното влегување на територијата на Република Македонија
- пристап до образование

(Периодот на одлучување е максимум до 2 месеци, а за малолетници може да се продолжи)
Жртвата – странски државјанин се сместува во посебни простории на прифатниот центар за странци врз основа на претходно решение за привремено задржување на странец во прифатен центар.
Доколку жртвата одлучила да соработува со надлежните органи може да добие дозвола за привремен престој на странец (дозволата за престој се издава за период до шест месеци со можност за продолжување на уште шест месеци.

**Првична грижа**

Првичната грижа има за цел да ги задоволи непосредните и основните потреби на лицето и да обезбеди негова безбедност: сместување, храна, облека и други основни потреби, психолошко советување и психосоцијална поддршка, упатување на правна помош, информирање за законските одредби поврзани со привремена дозвола за престој, барање информации за можните законски проблеми по враќање во земјата на потекло, олеснување на контакти со конзуларната канцеларија со информирана согласност на жртвата, лекарски преглед и медицинска помош, безбедосни мерки, конакт со семејство и/или блиски лица, доколку побара жртвата известување на надлежните органи.

**Согласно ЗАПЗ**

Исто така на **мигрантите/ките** кои побарале азил во РМ ќе бидат вклучени во системот за азил на РМ согласно ЗАПЗ со кој се нуди нивно прифаќање и заштита.

Во член 23-а од ЗАПЗ се предвидени и ранливи лица со посебни потреби кои се јавуваат како баратели на азил во РМ и начинот на постапување со нив.

Членот 48 од ЗАПЗ го регулира прифаќањето и заштита на мигрантите кои побарале азил во РМ според кој: „*Барателите на право на азил до донесување на конечна одлука во постапката за признавање право на азил имаат право на:*

- *престој;*
- *бесплатна правна помош,*
- *сместување и згрижување во Прифатен центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика, доколку искаже потреба за истото*

*- основни здравствени услуги согласно со прописите за здравственото осигурување;*
*- право на социјална заштита согласно со прописите за социјалната заштита;*
*- право на образование согласно со прописите за основно и средно образование.*
*- работа само во рамките на Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика како и право на слободен пристап на пазарот на труд за барател на право на азил на кој барањето за признавање на право на азил не му е решено во период од една година, по истекот на периодот од една година*
*- контакти со Високиот комесаријат за бегалци, како и невладини хуманитарни организации заради давање на правна помош во постапката за признавање право на азил.“*

Министерството за труд и социјална политика за правата наведени во ставот 1 на овој член ги известува барателите на право на азил во писмена форма на јазик за кој разумно може да се претпостави дека го разбираат или во усна форма со помош на преведувач.
Министерството за труд и социјална политика се грижи за обезбедување на средства за издржување и здравствена заштита на барателите на право на азил, додека се наоѓаат во Прифатниот центар или друго место за сместување определено од ова министерство.

Единствен објект за прифаќање и заштита на бегалци/мигранти на територијата на општина Бутел е Прифатниот центар за баратели на азил кој се наоѓа во населеното место Визбегово. Но овој објект не спаѓа под надлежност на општината туку под МТСП на РМ.
Овде се прифаќаат лицата странски државјани кои поднеле барање за азил во РМ и на кои им се овозможува сместување, исхрана, културно-забавни и рекреативни активности, услуги на правна помош, социјална помош и сл.
Во склоп на овој центар постојат одделенија на министерствата за труд и социјална политика и за внатрешни работи, како и канцеларии на неколку невладини организации.
Додека на територијата на општина Шуто Оризари не постои објект за прифаќање и заштита на бегалци/мигранти.

### *2.2. Локални политики и институции кои обезбедуваат заштита на правото на живот, опстанок и развој - со посебен фокус на заштитата од насилство во случаи на осетливи групи- жени и деца;*

Локални политики и институции кои **обезбедуваат заштита на правото на живот, опстанок и развој на мигрантите/ките** не постојат.

Документи кои можат да се применат на локално ниво како политики кои **обезбедуваат заштита на правото на живот, опстанок и развој на мигрантите/ките** се Стандардните оперативни процедури за постапување со:

- ранливи категории на лица странци
- со непридружувани-деца-странци
- со жртви на трговија со луѓе

Како и системот за азил регулиран со ЗАПЗ и Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2008-2015.

Детални податоци за тоа дали постојат Локални политики и институции кои обезбедуваат заштита на правото на живот, опстанок и развој - со посебен фокус на заштитата од насилство во

случаи на осетливи групи- жени и деца  во општина Бутел и Шуто Оризари ќе бидат добиени дополнително од:

- Барање за пристап до информации од јавен карактер до општина Бутел и Шуто Оризари
- Длабинско интервју со преставник на општина Бутел и Шуто Оризари

**Согласно СОП – РКЛС**

Во согласност со меѓународните конвенции, обврска на државите што ги примаат овие РКЛС е да обезбедат нивна заштита и безбедност.

Како надлежни државни институции кои се предвидени со овој СОП, а наоѓаат на територијата на општина Бутел и Шуто Оризари се: Министерствотот за труд и социјална политика, Центрот за социјални работи – Бутел - МТСП, Полициска станица – Бутел – МВР, Центарот за баратели на азил во Визбегово – Бутел и Центрот за социјални работи – Шуто Оризари - МТСП .

Одредени РКЛС што се прифатени и идентификувани во РМ, а не се способни да ги остварат своите права во постапката за остварување на правото на азил или на привремен престој се упатуваат на ЈУМЦСР/ЦСР, кој ќе се грижи занивните права и интереси.

РКЛС на кои по барање на надлежна институција по службена должност ќе им се одреди старател се: деца ЖТЛ и лица со видлива тешка интелектуална и ментална попреченост.

Врз основа на проценката на потребите, видот и степенот на ранливоста, доделениот статус во РМ и во согласност со капацитетите на државата се изнаоѓа соодветно решение за згрижување/сместување на РКЛС, кое е во негов најдобар интерес.

По поднесено барање за азил, РКЛС ќе биде сместено во Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово – општина Бутел или во други установи или форми на згрижување (заштитни куќи, згрижувачко семејство) на МТСП, кои му одговарат на ранливата состојба, видот и степенот на попреченост на РКЛС, а кое ќе биде во негов најдобар интерес.

Идентификуваните ЖТЛ се сместуват во Центарот за лица ЖТЛ во Скопје во надлежност на МТСП.

Информирање на РКЛС на неговиот мајчин јазик или на јазик што го разбираза формално-правната постапка, процедурата, видот и начинот на регулирањена престојот, целта и придобивките од него за РКЛС.

Тоа треба да овозможи РКЛС да ја сфати постапката и процедурата за да може да ја искаже својата волја и согласност, а сè за негов најдобар интерес.

Информирањето треба да биде спроведено од правни застапници обучени за постапката за регулирање на престојот (право на азил и право на привремен престој) и во присуство на преведувач за јазикот што го говори или го разбира РКЛС, или толкувач за лицата со физичка попреченост (глуви/наглуви).

**Согласно СОП надлежни органи и организации за регулирање на престојот на РКЛС се:** ЈУМЦСР кои обезбедуваат старател и стручен тим; граѓански организации (МЗМП) или ополномошен правен полномошник, Министерство за правда/институт за бесплатна правна помош, УНХЦР или друга Меѓународна организација или граѓанска организација што дава правна помош и преведувач, Национален сојуз за глуви и наглуви, листа на толкувачи.

**Регулирањето на престојот на РКЛС може да биде по следниве основи:**

- право на привремен престој поради хуманитарни причини[3];

[3] ЗС, чл. 80 ст.1 т.2 и 4 и ст.2

• признавање на право на азил[4];
• право на престој врз основа на привремена заштита[5].

**Согласно СОП - НМДС**
Згрижувањето и првичната помош за НМДС опфаќа збир на мерки и активности што ги презема МЦСР по прифатен/упатен НМДС, кои опфаќаат: Назначување старател, Општа проценка на ризик, Иницијален лекарски преглед, Згрижување-сместување, Проценка на потребите, Развивање план за помош и Приспособување и стабилизирање.
Регулирањето на престојот на НМДС-странец може да се темели на следниве основи: барање за привремен престој поради хуманитарни причини (ЗС, чл.80 ст.1 т. 2 и 4 и ст. 2.) и барање за признавање на правото на азил (ЗАПЗ, чл. 2.)

**Согласно СОП – жртви на трговија со луѓе**
За време на фазата на среднорочна помош на жртвата, давателите на услуги се одговорни да обезбедат сигурност, медицински услуги, психолошка помош и поддршка, да дадат правна помош, да и помогнат на жртвата повторно да и се врати самодовербата и стабилноста и да соработува при планирање и подготовка на следните чекори на жртвата.
**Првичната грижа и среднорочната помош ги опфаќа следниве мерки:** Проценка на потребите на жртвата,Развивање на план за помош, Согласност да се спроведе план за помош и Приспособување и стабилизирање.

**Согласно ЗАПЗ**
**Системот за азил регулиран со ЗАПЗ** исто така обезбедува заштита на правото на живот, опстанок и развој на мигрантите/ките кои побарале заштита (азил) во РМ.
Врз основа на тоа дали лицето моментално е барател на азил, признаен бегалец, лице под супсидијарна заштита или лице под привремена заштита согласно ЗАПЗ има различен опсег на права.

**Права на барателите на право на азил им се регулирани со Член 48 од ЗАПЗ кој пропишува:**
„Барателите на право на азил до донесување на конечна одлука во постапката за признавање право на азил имаат право на:
- престој;
- бесплатна правна помош,
- сместување и згрижување во Прифатен центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика, доколку искаже потреба за истото
- основни здравствени услуги согласно со прописите за здравственото осигурување;
- право на социјална заштита согласно со прописите за социјалната заштита;
- право на образование согласно со прописите за основно и средно образование.
- работа само во рамките на Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика како и право на слободен пристап на пазарот на труд за барател на право на азил на кој барањето за признавање на право на азил не му е решено во период од една година, по истекот на периодот од една година

[4] ЗАПЗ, чл.2
[5] Чл. 62 од ЗАПЗ

- контакти со Високиот комесаријат за бегалци, како и невладини хуманитарни организации заради давање на правна помош во постапката за признавање право на азил.

Министерството за труд и социјална политика за правата наведени во ставот 1 на овој член ги известува барателите на право на азил во писмена форма на јазик за кој разумно може да се претпостави дека го разбираат или во усна форма со помош на преведувач.

Министерството за труд и социјална политика се грижи за обезбедување на средства за издржување и здравствена заштита на барателите на право на азил, додека се наоѓаат во Прифатниот центар или друго место за сместување определено од ова министерство."

**Права на признаените бегалци им се регулирани со Член 51 од ЗАПЗ кој пропишува:**

„Ако со овој или со друг закон поинаку не е определено, признаените бегалци имаат исти права и должности со државјаните на Република Македонија, со следниве исклучоци:

- немаат избирачко право;
- не подлежат на воена обврска и
- не можат да вршат дејност, да засноваат работен однос и да основаат здруженија на граѓани или политички партии во случај кога со закон како услов е предвидено лицето да има државјанство на Република Македонија.

Признаените бегалци можат да стекнат право на сопственост на движен и недвижен имот, да засноваат работен однос или да вршат дејност, под услови утврдени со закон со кој се регулира ова право за странците во Република Македонија."

**Права на лицета под супсидијарна заштита им се регулирани со Член 60 од ЗАПЗ кој пропишува:**

*„Лицето под супсидијарна заштита од денот на доставувањето на решението за признавање на статус на лице под супсидијарна заштита се изедначува со државјаните на Република Македонија по однос на остварување на правата од социјална заштита утврдено со Законот за социјална заштита, а правото на основни здравствени услуги го остварува согласно со членот 54 на овој закон.*

*Лицата под супсидијарна заштита имаат исти права и должности со странците со дозволен привремен престој на територијата на Репубика Македонија, ако со овој или со друг закон поинаку не е определено."*

**Права на лицата под привремена заштита им се регулирани со Член 64 од ЗАПЗ кој пропишува:**

„Лицата под привремена заштита имаат право на:

- престој и згрижување во Република Македонија за време на привремената заштита, во согласност со економските можности на Република Македонија;
- право на работа, здравствена заштита и пензиско и инвалидско осигурување под исти услови кои со соодветни прописи се предвидени за странците со дозволен привремен престој во Република Македонија;
- хуманитарна помош и основни здравствени услуги за невработени лица под привремена заштита и
- основно и средно образование, а во поглед на повисоките степени на образование, лицата под привремена заштита се изедначени со странците со дозволен привремен престој во Република Македонија.

Престојот од став 1 алинеја 1 на овој член нема да се смета за законски престој во смисла на Законот за странците и Законот за државјанството на Република Македонија.
За остварување на правата од став 1 на овој член се грижи Министерството за труд и социјална политика.“

На локално ниво како политика со која се обезбедува заштита на правото на живот, опстанок и развој е Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2008-2015 која поткрепена со ЗАПЗ одговорноста за сместувањето на лицата со признато право за азил во РМ ја лоцира како кај единиците на локалната самоуправа така и кај Владата на Република Македонија[6].

Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2008-2015 го прифаќа ставот дека интеграцијата на новодојденци во општеството е динамичен и двонасочен процес, кој бара напори од страна на сите коишто се вклучени во овој процес. Тоа бара постоење на подготвеност од страна на имигрантите, да го прифатат општеството домаќин, без да се откажат од сопствениот културен идентитет, како и подготвеност од страна на заедниците домаќини и јавните институции, да ги примат новодојденците во општеството и да ги задоволат потребите на разновидна група луѓе. Со оваа стратегија процесот на интеграција ги опфаќа само лицата со признато право на азил во РМ.

Согласно Стратегијата за интеграција на бегалци и странци во РМ 2008 – 2015, МТСП поддржува времени и долгорочни решенија со кои бегалецот треба да стане активен член на заедницата од правен, социјален, економски, образовен и културен аспект.

Единствен објект кој обезбедува заштита на правото на живот, опстанок и развој на бегалци/мигранти на територијата на општина Бутел е Прифатниот центар за барател на азил кој се наоѓа во населеното место Визбегово, но откако од страна на бегалците/мигрантите ќе биде поднесено барање за азил. Овој објект не спаѓа под надлежност на општината туку под МТСП на РМ.
Овде се прифаќаат лицата странски државјани кои поднеле барање за азил во РМ согласно ЗАПЗ на РМ и на кои им се овозможува сместување, исхрана, културно-забавни и рекреативни активности, услуги на правна помош, социјална помош, здравствени услуги и сл.
Во склоп на овој центар постојат одделенија на министерствата за труд и социјална политика и за внатрешни работи, како и канцеларии на неколку невладини организации.
Додека на територија на општина Шуто Оризари не постои објект за ваква намена.

### ***2.3. Локални политики во областа на социјална заштита- анализа на политиките/ процедурите кои директно се однесуваат на услуги кои им се нудат на мигрантите/ките и институции кои ги спроведуваат, особено оние кои се насочени кон заштита на правата на жени и деца: овде исто така треба да се стави акцент на заштита на жени и деца во ситуации кога се изложени на насилство.***

[6] член 11, ЗАПЗ „Принципот на локално учество значи обврска на единиците на локалната самоуправа да ја прифатат одговорноста за сместување на признаените бегалци и лица под супсидијарна заштита во зависност на економската развиеност и бројот на жителите на единиците на локалната самоуправа, за што одлучува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата)“

Барател на право на азил е странец кој бара заштита од Република Македонија и поднел барање за признавање на право на азил, за кое не е донесена конечна одлука, вопостапката за признавање право на азил, кое може да се разбере како барање за меѓународна заштита.

За малолетни лица барање за признавање право на азил поднесува застапникот по закон согласно со Законот за семејството. При примената на одредбите на овој закон, пред се, ќе бидат земени предвид најдобрите интереси на детето. При оцена на барањето за признавање право на азил на детето, неопходно е да се имаат предвид облиците на прогонување специфични за децата.

На малолетни лица без придружба, лица со пречки во менталниот развој и процесно неспособни лица, кои имаат потреба од заштита ќе им се определи старател, што е можно побрзо, согласно со Законот за семејството. На старателот му се овозможува да го информира малолетното лице без придружба за значењето и можните последици од сослушувањето, како и да може активно да учествува во текот на сослушувањето на малолетното лице без придружба спроведено од страна на овластеното службено лице од Одделението за азил. Малолетно лице без придружба е странец кој не навршил 18 години, а пристига на територијата на Република Македонија без придружба на застапникот по закон, или останал без таква придружба откако влегол на територијата на Република Македонија. Министерството за внатрешни работи ќе ги преземе сите потребни мерки за пронаоѓање на членовите на семејството на малолетното лице без придружба. Најдобрите интереси на детето, пред се, ќе бидат земени предвид при оценување на барањата за признавање право на азил на малолетни лица без придружба. Овде сега нема локални политики туку истите сепроизлегуваат од републичките прописи и закони.

Барателите на право на азил до донесување на конечна одлука во постапката за признавање право на азил имаат право на: престој; бесплатна правна помош; сместување и згрижување во Прифатен центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика, доколку искаже потреба за истото; право на социјална заштита согласно со прописите за социјалната заштита; работа само во рамките на Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика и како и право на слободен пристап на пазарот на труд за барател на право на азил на кој барањето за признавање на право на азил не му е решено во период од една година, по истекот на периодот од една година и контакти со Високиот комесаријат за бегалци, како и невладини хуманитарни организации заради давање на правна помош во постапката за признавање право на азил.

Министерството за труд и социјална политика за наведените права ги известува барателите на право на азил во писмена форма на јазик за кој разумно може да се претпостави дека го разбираат или во усна форма со помош на преведувач. Министерството за труд и социјална политика се грижи за обезбедување на средства за издржување на барателите на право на азил, додека се наоѓаат во Прифатниот центар или друго место за сместување определено од ова министерство.

Барателот на право на азил е должен: да престојува во Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика и да не го напушта местото на престој одредено од надлежниот орган без да го информира за тоа или без да има дозвола за напуштање на истото, ако е за тоа потребна; да соработува со органите за признавање на право на азил, особено да дава лични податоци, да ги предаде идентификационите и други исправи што тој можеби ги поседува, да овозможи негово

фотографирање и дактилоскопирање, личен претрес и претрес на багажот и возилото со кое пристигнал во Република Македонија, како и да дава податоци за својот имот и приходи; да се подложи на здравствени прегледи, лекување и пропуштено вакцинирање по барање на органите надлежни за работите од областа на здравството, во случај на опасност по здравјето на луѓето и  да ги почитува куќните правила на Прифатниот центар или друго место за сместување определено од Министерството за труд и социјална политика и да не покажува насилно однесување.

Корисници на социјална заштита, според матичниот закон, се државјани на Република Македонија кои имаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците кои имаат регулиран постојан престој во Република Македонија, согласно со закон. Државјаните на Република Македонија кои немаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците кои имаат регулиран привремен престој во Република Македонија, согласно со закон, ги користат правата од социјалната заштита под услови утврдени со овој или друг закон и меѓународни договори и конвенции. Право на социјална заштита има лице барател на право на азил, лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, под услови и на начин утврдени созакон.

Законот предвидува можност за сместување на лица баратели на право на азил во Установа – прифатен центар за баратели на азил – Визбегово , која обезбедува сместување, исхрана, културно-забавни и рекреативни активности, услуги на социјална работа и други услуги, согласно со минимумот на стандардите за прифат на баратели на азил, утврдени со меѓународни акти, ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија.

Установата е отворена во 2008 год. има капацитет за сместување на 150 лица , со различна фрекфенција на сместени лица , во периодот на изготвување на Извештајот беа присутни 3 лица , од кои 2 возрасни и едно дете на возраст од 17 години , кој по своја желба се вратил од ,,безбедната куќа,, во центарот. Во посебен објект во кој има 20 станови во кои се сместени семејства кои имаат статус на лица со признато право на азил во Република Македонија. За децата на овие семејства во центарот се обезбедени простории за работа со деца во кои активностите ги реализираат ,,Отворена порта ,, со деца од училишна возраст како и психолошка поддршка на сместените корисници и ,,JRS (Jesuit refugee service),, кои изведуваат активности со деца од предучилишна возраст, но недостасуваат активности за постари малолетници. Заради обезбедување на правна помош во постапките за азил и други застапувања , присутна е и организацијата ,,Македонско здружение на млади правници,,.

Исто така, заштитата на бегалците се гарантира со Законот за семејство и Законот за социјална заштита и други релевантни регулативи и законски документи[7]. По големиот број бегалци што поминаа низ државата од јуни 2015 година, македонската влада донесе ново законодавство како одговор на бегалската криза. Меѓу првите законски донесени документи во текот на оваа ситуација беа Стандардните оперативни постапки за постапување со непридружувани и разделени деца донесени во ноември 2015 година. Целта на СОП за НРД е да се заштитат непридружуваните деца во прифатните и транзитните центри преку преземање

[7] https://www.lastrada.org.mk/mainarchive/Priracnik%20MK%20za%20web.pdf

чекори за идентификација, упатување и заштита на нивните права, како особено ранлива категорија[8].

Главни активности на меѓуопштинските центри за социјална работа вклучително во Шуто Оризари и Бутел во социјалните услуги и заштита се: обезбедување пристап до социјална заштита и финансиска помош за сместување; обезбедување информираност на бегалците во врска со достапноста не мерките за социјална заштита; идентификација на модели што го промовираат вработувањето, а со тоа и намалувањето на зависноста од социјалната заштита. Согласно со Законот за социјална заштита, сите бегалци ги уживаат следниве права : право на социјална парична помош, право на постојана парична помош, право на помош и нега од друго лице и право на еднократна помош. Меѓу општинските центрите за социјална работа се одговорни за водењето на случаите на социјална заштита.

Центарот за интеграција на бегалци и странци во Скопје им обезбедува секојдневна помош не бегалците за пристап до услугите во областа на социјалната заштита преку обезбедување информации, давање поддршка при процедурите за аплицирање и доставување на дополнителни лични документи.

Општините Бутел и Шуто Оризари немаат донесено сопствен Локален акциски план за борба против трговија со луѓе и нелегална миграција.

Треба да се има во предвид дека, иако процесот на децентрализација,во Република Македонија е завршен, одговорностите на локалната самоуправа, за имплементацијата на одредбите од Законот за азил и привремена заштита, како и на добар дел од надлежностите, кои требаа да се децентрализираат, сепак не можат да се реализираат во практиката. Од тука не постојат посебни локални политики во градот Скопје, општина Бутел и општина Шуто Оризари за социјална заштита на мигрантите. Ваквата ситуација може да доведе признаените бегалци да не можат да го остварат правото на сместување, што за оваа категорија на лица, би предизвикала дополнителни тешкотии во нивните напори за социјализирање и интегрирање во општеството.

Со цел да се надмине ваквата состојба, до периодот на целосно преземање на одговорностите на единиците на локална самоуправа, од страна на Министерството за труд и социјална политика, изготвени се „Задолжителни инструкции за определување на правото на парична помош потребна за обезбедување простории за домување“.

Постојниот Закон за социјална заштита, на странците, кои немаат постојан престој на живеење во Република Македонија, декларативно им дава право да ги користат правата од социјална заштита, под услови утврдени со овој, или друг закон. Ваквата одредба, наидува на реални проблеми во процесот на имплементација, поради што странците, кои немаат постојан престој во државата, имаат реални потешкотии доколку сакаат да остварат одредени права, согласно со Законот за социјална заштита.

---

[8] Влада на Република Македонија, Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и нелегална миграција: „Стандардна оперативна постапка за постапување со непридружувани и разделени деца“ (2015 г.)

Со цел да се надминат одредени недоречености во постојните законски решенија, кои ја третираат проблематиката на социјалната интеграција на бегалците, во текот на 2007 година, беа донесени измени и дополнувања на Законот за социјална заштита.

Со новите законски решенија, се воспостави нова јавна установа Прифатниот центар за баратели на азил, се делегираше надлежноста за постапување во однос на социјалните барања на бегалците, а пред се се прецизираа корисниците на правата од социјална заштита, а тоа се: признаените бегалци, лицата под хуманитарна заштита и лицата баратели на азил. Согледувајќи ги состојбите со странците и бегалците во Република Македонија, може да се даде една општа констатација дека системот на социјална заштита се наоѓа во фаза кога се неопходни натамошни унапредувања и реформи, со кои ќе се подигне неговата ефикасност и ќе се обезбеди стабилно функционирање на долг рок, за успешно задоволување на интересите на граѓаните кои имаат потреба од социјална заштита.

Трнувајќи од овие постулати, нужно се наметнува потребата од повеќе измени и доградувања на Законот за социјална заштита, со што на политиката на социјална заштита се доградува и политиката на системот на социјална сигурност. Со тоа, Република Македонија ќе оформи систем кој е компатибилен со европските стандарди, за оваа област.

Заради тоа, потребно е да се изготви нов закон во кој, компонентата социјалната заштита ќе биде соодветно уредена и формулирана.

Потребно е развивање на дијалог помеѓу клучните локални самоуправи (каде што има, или се очекуваат поголеми концентрации од дефинираната целна група), и сите засегнати страни од граѓанското општество, Центрите за социјална работа, како и сите засегнатите страни, со цел да се идентификуваат, анализираат и предложат одржливи решенија за социјална заштита за дефинираната целна група. Преку Центарот за интеграции, или други граѓански пратнерства, да се создадат механизми за поддршка на дефинираната целна група, заради нејзино целосно разбирање на програмите на социјална заштита, кои им се на располагање, и да им се помогне во поднесувањето на барања, за таа помош, кога им е потребна.

Како земја која е потписничка на бројни меѓународни конвенции, а пред се на Конвенцијата за правата на детето нашата држава гарантира и обезбедува услови за живот, опстанок и развој без разлика на потеклото на детето и припадноста кон државјанство , земајќи го во предвид најдобриот интерес на детето, вклучувајќи го и обезбедувањето на сместувачки форми за непридружувани и одвоени деца мигранти/бегалци кои транзитираат низ територијата на Република Македонија на нивниот пат до некоја од западноевропските земји и кога нашата држава од транзитна земја станува земја дестинација за некои од децата.

Грижата и гарантирањето на правата на децата ја превземат исклучиво државните институции, преку определување на лице кое се грижи за остварување на правата на детето – старател , како и обезбедување на соодветна форма за сместување – институционална и вонинституционална. При определување на најсоодветната форма за грижа и сместување , согласно индивидуалната проценка на ризиците и потребите за детето, приоритет се дава на грижата заснована на систем најблизок до семејна грижа ,односно се користат ресурсите на поширокото семејство, сместување во згрижувачко семејство, мал групен дом , како и станбени едници за самостојно и организирано живеење со поддршка. Тие досега не се користеа како ресури за сместување на непридружувани/одвоени деца странци кои беа

згрижувани/сместувани во прифатниот центар за баратели на азил или во друго место определено од МТСП наменето за ранливи групи меѓукои и непридружувани/одвоени деца.

Во Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци се предвидува МЦСР, старателот и стручниот тим што е задолжен за постапување со НМДС, да донесе одлука за тоа во каков објект, институција, орган или форма на згрижување, според прописите , можностите и расположливите капацитети на Министерството за труд и социјална политика ќе се згрижи /смести детето. Потребно е да се потенцира дека иако постои законска можност и во домашната легислатива, како и во меѓународната/КПД за наведените алтернативни форми за згрижување на НМДС, сепак семејното обединување е најдобрата форма на финално решение за НМДС кое е во негов најдобар интерес.

Имајќи го во предвид фактот дека за целосна заштита на оваа категорија деца имплементација на нивните права согласно меѓународната и домашна легислатива потребен е мултидисциплинарен, меѓуресорски и меѓународен пристап заснован на принципот на почитување на најдобриот интерес на детето, нашата држава воспостави Стандардни Оперативни Процедури за постапување со НМДС.

Процесот на интеграција на бегалците во Македонија се реализира согласно со Стратегијата за интеграција на бегалци 2008-2015 и странци и Националниот акционен план, којшто ја дефинира интеграцијата и мерките за нејзината имплементација.

Центарот за интеграција на бегалци и странци како проектна единица е основана во Октомври 2009 година од страна на Министерство за труд и социјална политика со поддршка на Високиот комесаријат за бегалци на Обединети Нации и нејзините услуги се користат во градот Скопје и општините како што е Бутел и Шуто Оризари и во делот на социјална заштита.

Оперативните документи ги одредуваат активностите и мерките за сите сектори што се релевантни за поддршка на интеграцијата на бегалци, а тоа се меѓу другото: домување, социјална заштита и развој на заедницата.

Главни активности во врска со социјалното згрижување односно домување е преку развивање на Закон за социјално домување, различни модели за домување и промоција на еднаков пристап до домување .

Министерството за труд и социјална политика поддржува времени и долгорочни решенија за домување на оние бегалци кои формално поднеле пријава за регистрација за локална интеграција во Македонија. Центарот за интеграција на бегалци и странци им помага на бегалците да остварат пристап до системот за поддршка за сместување. Програмата за интеграција им го олеснува на бегалците пристапот до сместување и до финансиска помош за кирија и комуналии. Програмата се користи како поттик за мотивирање на корисниците да превземат проактивна улога во активностите за јакнење на процесот на локална интеграција, како што се вработувањето и образованието.

Главни активности во вработување и стручно усовршување на вештини се: промоција на пристапот до пазарот на труд и обезбедување инклузија на бегалците во владините активни мерки за вработување, идентификување на проекти за вработување за да се овозможи пристап за специфични групи, како на пример жени, хендикепирани или повозрасни бегалци, предлагање на алтернативни модели за спроведување на стручни обуки; воспоставување на механизми за стручни обуки и признавање на сертификати и свидетелства од формално

образование, поврзување на опциите за вработување со оние за домување заради промоција на активно учество на пазарот за труд . Откако бегалците ќе ја добијат личната работна дозвола издадена од Агенцијата за вработување на Република Македонија, нивниот пристап до формалниот пазар на труд е изедначен со оној на македонските државјани. Центарот за интеграција на бегалци и странци им помага на бегалците при првичното аплицирање за лична работна дозвола и им помага на бегалците да ја продолжат важноста на овој документ.

Општините Бутел и Шуто Оризари не располагаат со капацитети за социјално домување или какви било сместувачки капацитети наменети за бегалци. Исто така, нема капацитети за алтернативно сместување на бегалците на нејзина територија. Единствен објект за прием на бегалци на тероиторијата на општина Бутел е Прифатниот центар за баратели за азил лоциран во населбата Визбегово. Општината Бутел нема надлежности да донесе одлука за изградба на сместувачки капацитети за оваа намена, ниту пак се превидени во локалните политики и урбанистички планови на општината.

Општина Бутел и општина Шуто Оризари немаат посебен буџет наменет за социјална заштита, парична помош за бегалци и социјална заштита за бегалци.

### 2.4. Локални политики во областа на образованието- политики/ процедури кои директно се однесуваат на услугите кои им се нудат на мигрантите и институциите кои ги спроведуваат, особено оние кои се насочени кон заштита на правата на жената и децата;

Уставот на Република Македонија го гарантира правото на образование на сите. Образованието е достапно за сите под еднакви услови и основното образование е задолжително и бесплатно. Законот за азил и привремената заштита исто така ја нагласува оваа гаранција од член 48, така што барателите на азил имаат пристап до образование во согласност со прописите за основно и средно образование.

Законот за основно образование во член 2 предвидува дека секое дете има право на основно образование. Понатаму овој член предвидува забрана за дискриминација при остварување на правата од основно образование. Овој закон им гарантира на странските државјани и лица без државјанство кои живеат во Република Македонија право на основно образование под еднакви услови како децата со македонско државјанство. За нив, според овој закон и во согласност со ратификуваните меѓународни договори, се организира едукативна програма на македонски јазик. Според законот, односно образование се организира и се изведува во основните училишта, но и во здраствените, социјалните, казнено поправните и воспитно-поправните установи. Од оваа листа ги одвојуваме социјалните институции, како што е Прифатниот центар за баратели на азил-Визбегово, во кој се сместени баратели на азил.

Законот за средно образование предвидува дека средното образование е задолжително за секој граѓанин, додека странците и лицата без државјанство можат да стекнат средно образование, доколку при запишување поднесат сертификат од странство. Законот за високо образование не содржи одредби за субвенциониран пристап за лица со признаен статус на бегалец или баратели на азил.

Во однос на образованието, Стратегијата за интерграција предлага развивање на дијалог со локалните власти за идентификување, анализирање и предлагање соодветни решенија и модели за образование на бегалци. Исто така, Стратегијата предвидува разгледување на можностите за основање на предучилишна установа наменета за потребите на децата бегалци и децата на локалното население. Наставата во едно од средните државни училита треба д асе

одвива на еден од меѓународните јазици. Дополнително е предвидено лицата со признаен статус во земјата да можат да го изучуваат јазикот на земјата на живеење, односно македонскиот јазик.

Во Националниот план се предвидени активности во областа на образованието и науката: мерки за обезбедување на книги и материјали за редовно учество во училиштата, насочени програми за поддршка на неформалното образование и скратени образовни програми, задолжителни курсеви по македонски јазик за деца и возрасни, вклучување на целната група во Програмата за доживотно учење, промоција на универзитетското образование, информативни кампањи за комуникација на целните групи со цел да се олесни пристапот до нивните права и обврски. Трошоците за активностите се предвидени да бидат покриени од државниот буџет или од донатори, во буџетот на локалните власти не се предвидени дополнително средства за образование на мигранти.

Во однос на образовните институции, на територијата на општина Бутел има седум основни училишта, две средни училишта и едно приватно средно училиште, во Шуто Оризари има две основни училишта. Часовите во училиштата се одвиваат на македонски јази, на албански јазик и на ромски јазик, така што според локалните власти на Бутел и Шуто Оризари би било потребно ангажирање на пшреведувачи во редовната наставна програма. Во Визбегово постои руниран училишен објект кој доколку е потребно може да се реновира.

На територијата на општина Бутел има една јавна установа детска градинка, не може да се задоволат потребите на сите локални деца во неа поради немање на објекти, а во Шуто Оризари нема ниту една. Образованието во овие градинки се одвива на македонски, на албанскијазик, и ако има деца бегалци, ќе се појават потешкотии во комуникацијата со персоналот. Воедно за евентуален упис на деца бегалци потребни се преведувачки услуги. Општо земено образовните институции во Бутел и Шуто Оризари немаат капацитет и посебни локални политики да примат повеќе деца (бегалци или не) поради фактот што сегашните капацитети на постојните објекти се поплнети. Досега нема деца бегалци запишани во предучилишно или основно образование. Средните училишта во општина Бутел и Шуто Оризари не спаѓаат пдо надлежност на локалната самоуправа, туку во надлежност на градот Скопје. Во двете општини Бутел и Шуто Оризари нема политики кои ќе потикнат организирање на курсеви за изучување на македонскиот јазик за бегалци. Дополнително тие немаат капацитет да органзираат воведни курсеци за културен и социјален живот, историја и политички систем во Македонија, ниту пак некогаш организирале вакви активности. Општините Бутел и Шуто Оризари немаат информации за бројот на бегалци кои престојуваат на нејзината територија, ниту пак некогаш издале сертификати за престој од 2014 до 2017 година.

### *2.5. Локални политики во областа на здравствена заптита- политики/ процедури кои директно се однесуваат на услугата која им се нуди на мигратите/ките и институциите кои ги спроведуваат, особено оние кои се насочени кон заштита на правата на жената и децата*

Лицата со статус на бегалци и лицата под супсидирана заштита се вклучени во системот за задолжително здраствено осигурување. Одредбите од овој закон претставуваат правна основа за обезбедување на здраствена заштита на признаените бегалци. Законот го користи терминот „основни здраствени услуги„ (примарна здраствена заштита па се до највисоко ниво т.е. болничко лекување) во согласност со здраствените прописи во Македонија. Во согласност со Законот за здраствено осигурување, бегалците и лицата под супсидијарна заштита имаат право на лекување на сите нивоа на здраствени услуги- право на примарна здраствена заштита,

специјалистички консултации и болничко сместување, како и користење на лекови. Локалната самоуправа нема надлежности во здраствената заштита. Неопходно е градење на јасен пакет инструкции кои може да бидат испратени до сите здраствени установи.

Оптшина Бутел и Шуто Оризари не располагаат со податоци за здраствени установи кои обезбедуваат примарна и секундарна здраствена заштита, а кои се наоѓаат на нејзината територија, освен пункт за примарна здраствена заштита и апкети.

Поликлиниката Чаир обезбедува здраствена заштита за населението од четири општини меѓи кои и општините Бутел и Шуто Оризари. Единствена здраствена заштитта која ја добиваат барателите на азил и бегалците е онаа која што ја добиваат во склоп на Прифатниот центар за бегалци-Бизбегово и тоа во вид на основна здраствена заштита.

## 3. МЕЃУСЕКТОРСКА СОРАБОТКА И НУДЕЊЕ НА УСЛУГИ КОИ ГАРАНТИРААТ ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА МИГРАНТИТЕ/КИТЕ, ОСОБЕНО ЖЕНИ И ДЕЦА

Меѓусекторската соработка и нудење на услуги кои гарантираат заштита на правата на мигрантите/ките, особено жени и деца се регулирани со стандардни оператини процедури за постапување со: ранливи категории на лица странци, непридружувани-деца-странци и со жртви на трговија со луѓе.

Во сите стандардни оператини процедури (СОП) се уредуваат збир постапки, процедури и начини на постапување на надлежните институции во согласност со соодветните национални законски прописи вклучувајки и меѓународна законска регулатива со кои се опфатени и мигрантите/ките вклучувајќи: лица што не се државјанин на Република Македонија, лица без државјанство и странци со недозволен влез во РМ.

Во 2006 година беше создадено <u>меѓу ресорско координативно тело за интеграција на бегалци и странци</u>, составено од:

- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за здравство
- Министерство за образование
- Министерство  за надворешни работи
- Министерство за локална самоуправа
- Секретаријат за Европски Прашања
- Здружение на локални самоуправи на Република Македонија
- Македонски Црвен Крст

Во овој поглед од страна на Владата е донесена Стратегијата за интеграција на бегалци и странци и Националниот акционен план во кој се утврдени мерките за интеграција и помош за спроведување во периодот 2008-2015.
За таа цел во 2009 година е основан Центарот за интеграција на бегалци и странци на Министерството за труд и социјална политика и УНХЦР, со цел да се олесни процесот на интеграција на корисниците во области како што се: домување, здравство, образование, вработување, социјална заштита и развој на заедницата.

Стратегијата за интеграција на бегалци и странци 2008 - 2015 предвидува развивање на дијалог помеѓу клучните локални самоуправи (кадешто има, или се очекуваат поголеми концентрации

од дефинираната целна група), надлежните органи и сите засегнати страни односно да се развие меѓуресорска соработка за да се идентификуваат, анализираат и предложат одржливи решенија за бегалците со цел да станат активни членови на заедницата од правен, социјален, економски, образовен и културен аспект.